ORIGINAL RESEARCH PAPER

***Petar Atanasov, PhD***
atanasovmk@gmail.com

***Bojana Naumovska, PhD, Associate Professor***
bojana@isppi.ukim.edu.mk
Institute for Sociological, Political and Juridical Research,
University "Ss. Ciryl and Methodius" in Skopje

# "MACEDONISM" AS NATIONALISM – BETWEEN THE NATIONAL IDENTITY AND POLITICAL REALITY

# „МАКЕДОНИЗМОТ" КАКО НАЦИОНАЛИЗАМ – МЕЃУ НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ И ПОЛИТИЧКАТА РЕАЛНОСТ

**Abstract**

The subject of analyses of this paper are the attitudes, perceptions and the feelings of high educated young Macedonians regarding their Macedonian national identity. We will be presenting the answers of generation born in 1980s, in the Republic of Macedonia, young people with university degrees and higher, mostly well situated and having successful professional careers. The main subject of research are their perceptions and feelings regarding their Macedonian National Identity and their ethno-cultural belonging. The theme is recently redebated especially after the signing of the good neighborly relations agreement between Macedonia and Bulgaria and the 'Prespa Agreement' with Greece and the eventual attempts for 'final resolution' of the 'Macedonian Question'. We will argue that the attitudes, perceptions and the feelings for their own national identity are filled with strong affections, that the Macedonian identity is equally powerful and active as the other Balkan national identities, that probably the 'Makedonism' as nationalism did not succeed to achieve more significant development prior the end of the 19th and the beginning of the 20th centuries and that is why the Macedonian state project was late. The Macedonian national/state identity, even after 75 years of existence, is still in process of stabilization. In the analyses we use the data from the original research, which is conducted by qualitative approach, through organizing four focus groups in Skopje, with 28 participants.

***Keywords:*** 'Makedonism', Macedonian national identity, ethno-cultural belonging

## ВОВЕД

Во осумдесетите години на дваесетиот век, поради познати причини, во југословенската социјалистичка федерација започна најголемата економска криза, која траеше повеќе години и која прерасна во политичка криза, која, пак, предизвика дезинтеграција на тогашната федерација. За разлика од генерациите од 60-те и 70-те, кои живееја во стабилен општествен контекст, во држава во која благосостојбата на работникот беше почитувана уставна категорија, во која културниот идентитет и развој на Македонците[1] беше во целосен подем, генерацијата од 80-те живееше во веќе нестабилно општество, со циклични политички кризи и со бурни историски случувања. По 1991 година и по осамостојувањето на Република Македонија (денес Република Северна Македонија)[2], духовите на етничкиот национализам на целиот Балкан повторно се разбудија. Истовремено, во неколку наврати, повторно се актуелизира прашањето за македонскиот национален идентитет.

„Македонизмот", како термин, никогаш не бил истакнат поим ниту во јавниот политички живот во Македонија, ниту во научните кругови во државата и покрај повеќедецениското постоење на Македонија како политички субјект и како национален/државен идентитет. Претпоставуваме дека „македонизмот" треба да го означува македонскиот национализам, но чудно е што, како термин, многу ретко се употребува. Можеби затоа што Македонците во поновата историја доцна ја создале својата национална држава и веќе не можеле да развиваат експанзионистички национализам кој би овозможил градење на нација со поголема територија. Или, пак, македонскиот национализам немал „амбиции" за проширување и асимилација кон поширокото христијанско население кое 500 години на Балканот тивко живеело во Отоманската империја. Кога се будат национализмите кај малите народи на Балканот, во еден процес кој траел неколку децении, се урива Отоманската дефиниција на идентитет, која била дефинирана исклучиво според верската припадност, а национализмите се ставиле во функција на стратегиите на царските дворови или политичките влади во соседните држави – Србија, Грција и Бугарија.

Овој термин, или појавата на терминот „македонизам", претставувал закана за аспирациите и за геостратешките интереси на соседните новоформирани држави, во еден регион каде долго време владееле неколку империи, каде половина век се граничеле два моќни воено-политички блока и каде националните соништа на малите балкански нации сè уште се живи. Политиката или политичките водства на државите на Балканот се обидуваат и во почетокот на 21. век „конечно" да го решат македонското „територијално прашање", но не може да го разрешат „македонизмот" како национализам, кој е иманентен и кој, во содејство со културниот проект на еден народ, го дава секогаш истиот производ - модерна европска нација. Притоа, мора да истакнеме дека при формирањето на западноевропските нации доминирале процесите на инклузивност, при што се создале поголеми држави од слични и различни етнички

1 Во овој текст со терминот Македонци ќе бидат именувани етничките Македонци од Република Македонија (денес Република Северна Македонија).

2 Оттука натаму во текстот државата со официјално име Република Северна Македонија ќе се именува само како Македонија.

ентитети, се разбира, многу често и со помош на воени средства или принуда. Така настанал граѓанскиот модел на национализам познат во теоријата како граѓански национализам - civic nationalism. Кога овој процес, кој започнал кон почетокот на 18. век и сè уште трае, се спроведувал во втората половина на 19. век и почетокот на 20. век на Балканот, доминирале процесите на ексклузивност и на етничко чистење. Притоа, се создале помали држави со „хомогено“ етничко население, често со поддршка или со помош на големите европски држави, кои сакале да имаат влијание во овој тогаш стратешки многу важен дел од Европа. Се разбира, и овие процеси биле помогнати од скромните воени арсенали на малите балкански држави. Така настанал етничкиот модел на национализам познат во теоријата како ethnic nationalism - етнички национализам (Smooha, 2002 ). За разлика од слабоста на „македонизмот“ како национализам, кај другите балкански народи национализмот бил стимулиран и поддржан од државните политики кои сакале да создадат нации по урнекот на англиската и француската нација. Резултатите од овој историски след на настани и околности ни се добро познати.

Македонскиот национален идентитет доживеал целосен развој во Републиката која станала федерална единица во време на југословенскиот проект. Без силен национализам и со богат етно-културолошки развој, државниот проект на македонската нација бил успешно граден. Независно дали нацијата е со подлабоки или со послаби етнички корени или етногенеза, Ентони Смит (Smith, 1986), автор на еминентни теории за национализмот, тврди дека националните проекти и на малите европски народи се просперитетни држави (Словенија, Естонија) и дека не се со ништо помал емоционален идентитетски набој во самопрезентирањето. Исто како и големите и моќни европски културни нации. Ентони Смит, во своите повеќегодишни истражувања на национализмот, докажува дека националниот идентитет не може да се создаде од ништо, ex nihilo.[3] Секогаш постои некаква културолошка есенција или материја од која започнува градењето на речиси секоја национална држава.

Кај Македонците во регионот ваков културолошки материјал постои во изобилство, како што истакнал и самиот Блаже Конески, кој напишал дека со сето она што го имаме како културен идентитет „немало никаква потреба за толку долго чекање за создавање на нашата нација и национален идентитет“. Исто така, познати се и зборовите на Крсте Мисирков кој полагал големи надежи во големите држави да помогнат во создавањето на „автономијата на Македонија“ која, според него, „во однос на културата стои многу повисоко отколку околните држави пред сто години, кога тие ја добија својата независност“ (Вамваковски, 2012). Само прашање е сега на „градителите“ на националниот идентитет, како што тврди еден од учениците на Смит, Оливер Цимер (Oliver Zimmer), кои и какви ресурси и на кој начин ќе се употребат во создавањето на националниот проект и како овие елементи ќе се вградат во „националната“ држава. Теоријата и практиката ни даваат многу докази и експликации за овие теми и само е прашање на научната (или, пак, политичката) интерпретација како одредени „експерти“ ќе ги анализираат или толкуваат елементите

3 Меѓу основните модели, земени како примери и кај Смуха и кај Смит, се израелската и грчката нација низ вековите, а од модерните, како најистакнати, англиската и француската. Но, еднаква важност му се придава на секој успешен национален проект, западен или источен.

на нацијата или националниот идентитет. Се чинеше дека Македонија ги употреби сите свои „аргументи" како противтежа или противдоказ на „научните" теории за нејзина негација или за апсолутно непостоење на Македонците. Но, политичките лидери решија овие прашања да се затворат и да се продолжи понатаму за да се промовира државата како просперитетна, пред сè, во заедничкиот политичко-економски проект на европските народи – Европската Унија. Сета оваа елаборација е во функција на објаснување на контекстот во кој се наоѓале и денес се наоѓаат Македонија и Македонците, како основен супстрат и причина за постоење на државата. Сепак, на Балканот тој мир обично трае само до следната временска непогода.

Овој труд ќе ги анализира ставовите, перцепциите и чувствата кај припадниците на помладите генерации Македонци. Во најголем дел ќе бидат презентирани ставовите кај припадници на генерацијата родени во 1980-те, во Македонија, денес веќе високообразовани млади луѓе, претежно добро ситуирани или со свои успешни професионални кариери. **Главен предмет на истражување се ставовите на генерацијата родени во 1980-те за македонскиот национален идентитет, чувствата за нивната етничка или културна припадност, како и нивните размислувања за тоа како го доживуваат националниот идентитет.** Особено ова е актуелно по потпишувањето на договорите за добрсоседство на Македонија со Грција и со Бугарија и обидите за „конечно" разрешување на „македонското прашање". Во трудот се користени резултати од оригинално истражување, кое е спроведено преку квалитативен пристап, имено, преку организирање на четири фокус групи во Скопје, со вкупно 28 учесници. Истражувањето за овој труд беше спроведено во ноември и во декември 2019 година, а фокус групите беа реализирани во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања од страна на авторите на оваа статија. Темите и прашањата беа поврзани главно со идентитетот на младите и со односот кон македонскиот национален идентитет[4]. Фокус групите беа водени според техниката на насочено групно интервју, притоа за време на интервјуата се користени и инструменти кои им беа презентирани на интервјуираните. Притоа, од учесниците се бараше да размислат и да дадат свој став за презентираните инструменти, да направат споредба со македонскиот национален идентитет, како и да искажат сопствено мислење за нив. Во наредните страници ќе бидат презентирани и анализирани податоците добиени од ова квалитативно истражување. Но, најпрвин да дадеме кратко теоретско објаснувања за националниот идентитет.

За националниот идентитет во општествените науки има опширна литература. (Atanasov, 2004) Независно од авторите или нивните гледишта, во најголем дел аргументациите се дека тој е органски поврзан со нацијата, дека главно произлегува од државата во која таа нација живее и најчесто го носи името на нацијата – Германија/Германци, Италија/Италијанци, Франција/Французи, Грција/Грци, Хрватска/Хрвати,

4 Прашања за фокус групите за националниот идентитет: Колку идентитети имате?, Кој идентитет е за вас најважен?, Зошто на луѓето им е важен националниот идентитет?, Воопшто, кои се според вас Македонците?, Кои ни се корените?, Што се термините нација, национален идентитет, национализам?, Формирање на македонскиот национален идентитет?, Кој елемент е најважен: историја, култура, политика, економија?, Дали кај нас се совпаѓаат политичката и културната матрица?, Што имаме денес - политичка или културна нација, или двете?

Ирска/Ирци итн. Наш предмет на интерес во овој труд беа дефинициите за етничката заедница и националниот идентитет кои се користени во истражувањето, преземени од делото „Националниот идентитет“ (National Identity) на Ентони Смит (Anthony D. Smith)[5]. Категоријата на нацијата е главно објаснета кај модернистите во нивните теории за национализам (Gellner, 1983; Anderson, 1983) и се дефинира претежно преку субјективните белези, додека етно-симболистите и авторите на теоријата за етничка демократија (Смит, Смуха) нацијата и национализмот ги објаснуваат примарно преку објективните белези, пришто нацијата често ја сметаат или ја анализираат како бесконечна и безвременска. Оттука, елементите на политиката и националноста (културата), како што ги подразбира Ернест Гелнер (Ernest Gellner), дека во случајот со нацијата „политичката и националната единица треба да бидат конгруентни“, се во одредена смисла и неразделиво, политички. Така, кога се борат за некој конкретен национален идентитет, луѓето истакнуваат политички барања. Ова е теоретската основа врз која се заснова анализата на ставовите од истражувањето за македонскиот национален идентитет.

Генерално, трудот ќе биде структуриран во три дела. Прво, ќе се анализираат прашањата и одговорите за идентитетите генерално, вклучувајќи ги и одговорите за значењето на националниот идентитет за поединецот, како и за неговата потреба за припадност на голема група каква што е нацијата. Второ, ќе се презентираат одговорите за тоа што претставува етно-културниот идентитет, а што државниот идентитет, како и за поклопувањето на политичката и културната единица во секоја модерна европска нација. Трето, ќе бидат изложени ставовите на испитаниците по прашањето дали денес македонскиот национален идентитет е загрозен. Целокупниот материјал од фокус групите е рефлексија во контекст на ставовите и чувствата на учесниците во фокус групите за македонскиот национален идентитет и за „македонизмот“, како лајтмотив на ова истражување.

## ЗА ИДЕНТИТЕТИТЕ ГЕНЕРАЛНО

Во современото општество сите ние се наоѓаме или живееме во многу различни улоги и сме носители на различни идентитети. Некои од теоретичарите на современиот идентитет успеале да идентификуваат над 20 улоги во кои секојдневно остваруваме односи со други поединци или групи. Во текот на животот доаѓа до промена на важноста на одредени идентитети. Често, некој од претходните важни идентитети се заменува со некој нов, поизразен или поистакнат.

Во спроведените фокус групи ова прашање беше отворено прашање и за него се даваа слободни објаснувања:

5 Беа презентирани дефинициите за етничката заедница и за национален идентитет на Ентони Смит (Anthony D. Smith) од неговата книга National Identity (1991), University of Nevada Press, Reno, Las Vegas, pp. 14, 21.

„Имам многу идентитети: како економист, банкарка... чувствувам припадност кон моето семејство. Истовремено сум скопјанка, спортист... Македонка сум дефинитивно!“

„Претставник на академската заедница, професор, државјанин на Република Македонија. Исто така сум родител, во голем дел од денот, сопруга, партнер, дете на моите родители. Чувствувам припадност кон градот...“

„Имам некој семеен идентитет. Идентитет поврзан со културата, со уметноста, случувањата... некој социјален идентитет. Нерелигиозна сум дефинитивно...“

Како резултат од овој дел од интервјуто добивме повеќе одговори кои може да ги групираме, притоа ќе констатираме присуство на **четири категории на идентитет** кај оваа урбана образована популација:

- еден од поизразените идентитети е **родовиот** (особено кај жените):

  „Родовиот е најистакнат, најмногу од сѐ. Идентитет како ќерка на моите родители. Порано професионалниот ми беше јак, сега не. Сопруга, возач, пешак, велосипедист... Родовиот ми е најсилен.“

  „Имам идентитет како жена, како црвенокоса... потоа како наставник, родител, скопјанка. Во текот на денот сум најмногу родител и наставник.“

- доста изразен е и **семејниот идентитет**, особено **родителскиот**:

  „Најсилно е тоа што сум во текот на денот, професионалниот и родителскиот идентитет. Другите доаѓаат до израз со текот на настаните.“

  „Сѐ е во зависност од периодот во животот. Сега доминира семејниот, како мајка, професионалниот (порано како ученик, сега како вработена).“

- **професионалниот идентитет** е изразен со висок интензитет:

  „Професионалниот идентитет ми е многу важен. Повеќе сакам да ме гледа некој како човек што вози велосипед, отколку како Македонец. Повеќе кажува за мене едното од другото. Припадник сум на регионот, дел од културата на Балканот...“

  „Жена, скопјанка, некако прво ми паѓа на памет. Можеби денес професионалниот идентитет ми е најистакнат. Порано ми беше поизразен националниот...“

- како идентитет е значаен и **просторниот или местото на живеење**, како и припадноста на градот:

  „Од колективните идентитети го чувствувам европскиот, чувствувам и идентитетска поврзаност со регионот... Територијалниот ми е многу важен (маалото, средината, градот).“

> „Најизразен ми е професионалниот идентитет. Изразен ми е и локалниот идентитет (скоро преселен во Скопје, доаѓа од друг град).“

Овие одговори ни покажуваат дека во спроведените фокус групи, кај оваа урбана популација, најизразени идентитети се **личниот** (родовиот), **активниот** (родителскиот, професијата) и **просторниот** (градот/местото каде живееме). Се работи за идентитети кои се дефинирани и се долготрајни и кои на носителите им даваат чувство на стабилност во општественото живеење. Тоа се идентитети кои се веќе вградени делови од личноста и кои се носат без да се проблематизираат, затоа што се веќе усвоени. Како што истакна еден од учесниците, „сите споменати идентитети бараат различно однесување во различно време“.

Што се однесува до националниот идентитет како колективен идентитет, тој се јавува често и во одговорите на отворените прашања. Сепак, интервјуираните искажуваат различен однос кон овој идентитет. Се јавува едно двојство како на внатрешен, така и на надворешен план. Внатрешниот елемент е стабилен, бидејќи најверојатно е наследен и со него или во него се расте. Но, надворешниот аспект е веќе исполнет со емоции и е импулсивен, тој е и реактивен, особено националната припадност преку односот кон политичките случувања. Како што е тоа случај со македонскиот идентитет кој е „нападнат“, барем според одговорите на некои од интервјуираните соговорници. Според учесниците во фокус групите, националниот идентитет избива на површината секогаш кога е „оспорен“:

> „Кога некој идентитет е нападнат, тогаш се активира.“

> „Националниот ми е секундарен, иако избива на површина кога е оспорен.“

> „Имавме прекршување на идентитетот кај мојата генерација, од Југословени во Македонци.“

> „Националното чувство ми е многу тешко да го дефинирам.“

Некои, пак, не се идентификуваат со колективните идентитети, независно од перцепциите за тоа дали тие ни се „одамна дадени“ или „секојдневно ги ре-создаваме“. Можеби според начинот на живот, немаат потреба од истакнување на својот национален идентитет:

> „Се занимавам со анализа на општеството и сум дел од полиберални кругови. Колективните идентитети ми се далечни.“

> „Јас сум растен со силно национално чувство. Тоа е променето во последните години. Сега повеќе се идентификувам со вредности, со лични карактеристики.“

## ЗА НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ

Нацијата и националниот идентитет се релативно јасни и препознатливи категории. За нив интевјуираните имаа готови ставови, формирани со години наназад.

Учесниците во фокус групите слободно ги искажуваат перцепциите за нив во кои има многу различни елементи. Тука и нема погрешни одговори. За национализмот, пак, теоретските знаења се очигледно поскромни, а ставовите се главно дека е тоа нешто што е негативно. Направивме обид да се добијат одговори од кои би се видело дали за интервјуираните овие три категории - нацијата, националниот идентитет и национализмот, имаат некаков временски редослед на појавување или дали некоја од нив произлегува од другата. Ќе ги прикажеме, најпрвин, одговорите на отворени прашања во однос на поединечните категории за нацијата, национализмот и националниот идентиет, потоа одговорите за значењето на националниот идентитет за поединецот, а на крај и одговорите за потребата од припадност на една голема група каква што е нацијата:

**За нацијата, национализмот и националниот идентитет:**

„Од нацијата произлегува националниот идентитет, а од националниот идентитет - национализмот. Национализмот е неопходен за да се формира државата, свеста на населението дека треба да се формира државата.“

„Нација е заедница или група на луѓе во една држава која се управува на демократски, но и на недемократски начин. Национален идентитет е игра на чувства на луѓето, на нацијата, за тоа колку таа нација се самовреднува себе си. Од тука доаѓа и национализмот, како чувство на супериорност во однос на другите.“

„Примерот со Франција и петте јазични групи е доста сликовит. Имало некој кој рекол: јас сега ќе им го вградам национализмот во главите и ќе создадеме идентитет.“

„Во коренот на зборот нација е натио, род. Национализмот би бил идеологија за дејствување за афирмирање на родот. Национализам е градење на идентитет, раскажување на нашата колективна приказна, што правеле нашите претци итн. Националниот идентитет е идентификација со приказната за заедништвото.“

„Сите категории се поврзани со државата. Како се создаваат државите, така се создаваат и идентитетите. Прво се создава нацијата, а потоа идентитетот. Постои чувство на посебност и различност. Инаку, национализмот како термин не е негативен, не значи дека си против некого, туку дека си ја сакаш својата нација.“

„Најважна алатка била појавата на печатот, па заедно со масовното образование тоа се инструментите за градење нации-држави... Модерните држави најчесто се основани врз културата, така се формирани сите држави, потоа е описменувањето, па кодификување на јазикот...“

**Значењето на националниот идентитет*:***

„Можеби дава некоја традиција, култура, корени, дека не почнува само од тебе. Дека сме продолжение на својата група.“

„Имам многу убаво чувство дека сум од Македонија. Припаѓам тука, има историја, многу далечна историја каде што имало култура, образование... имало просветители. Имало стари градови, архитектура, патишта... и тоа е позитивно.“

„Кога не ни се признава јазикот, историјата, културата... кога луѓето се чувствуваат нападнати толку повеќе го браниме националниот идентиет.“

„И јас се натажувам на химната. Можеби химната не прави емотивни, ранливи. На пример, кога се изведуваат на фудбалските натпревари, многу е емотивно, се возбудуваме сите. Кога играат Борусија, Јувентус... “

„Мене историјата ми предизвикува емоции. Химната е приказна... како сме стигнале до овде. „Денес над Македонија се раѓа...“. Тоа е желба, надеж, борба, оспорување од сите страни. Го доживувам целиот товар на таа песна и ми прави емоции...“

„Сите премрежја и борби до тогаш, веројатно тоа е препознавање на себе и сочувствување и идентификување со тие приказни. Прераскажувањето... постои приказна. Низ образованието и воспитувањето се пренесуваат приказните од претходно, како сме стигнале до овде, се романтизираат нештата... “

„Порано беше популарно да бидеме граѓани на светот. Сега сè се смени. И кај мене се смени... Трагањето по себе, по корените. Политичката состојба те тера да си го бараш идентитетот и да размислуваш за тоа, кој си, што си.“

**За потребата за припадноста на колективен идентитет*:***

„Независно на кој идентитет припаѓаш, политичка партија, семеен, национален... Луѓето имаат потреба да бидат заштитени, да бидат сигурни, безбедни, во група... “

„Луѓето имаат силна потреба да припаѓаат на некоја група, национална, на пример. Дава чувство на гордост... Мислат дека е нешто специјално и значајно...“

„Општеството генерира слаби единки, мора да бидат во група за да се заштитени. Но, има и други групи. Јас сакам да се идентификувам со самосвесни луѓе.“

Од претходните одговори може да се констатира колку темата за нацијата и националниот идентитет, како и потребата за припадност кон колективните идентитети е сложена и ги надминува индивидуалните животни циклуси.

## МЕЃУ ЕТНИЧКИОТ И НАЦИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ

Во овој дел ќе ги анализираме одговорите на прашањата за кои се употребени инструменти и за кои од учесниците се бараше да се изјаснат откако им беа презентирани одредени сознанија. Главно се тоа три инструменти: дефиницијата за етничката заедница на Ентони Смит, исто така, неговата дефиниција за националниот идентитет, како и теоријата на Ернест Гелнер дека политичката и културната единица во концептот за нацијата мора да се конгруентни, да се поклопуваат.

### Етничкото потеклото на Македонците

Прашањата за етногенезата на еден народ или една нација се секогаш интересни од аспект на науката. На ова прашање учесниците во фокус групите најпрвин се запознаваа со дефиницијата за етничкиот идентитет, преземена од книгата на Ентони Смит, за „Националниот идентитет“. Имено, дека постојат шест главни атрибути на етничката заедница: „1) колективно конкретно име, 2) мит за заедничко потекло, 3) споделувани историски сеќавања, 4) специфични културни елементи, 5) поврзаност со својата ‘домовина’, и 6) чувство за солидарност со голем дел од популацијата.“ (Smith, 1991) Прашањето бараше поширок одговор, каква што е темата за етничкото потекло на Македонскиот народ:

> „Многу сум размислувал за ова. До ден денес колективно име немаме. Името Македонија и поимот Македонци и како ќе се дефинираме можеби е еден романтичарски занес на нашите преродбеници кои трагале по одговорот кои сме ние. Слушајте сега, овде сме ние една голема група од Галичник до Берово, зборуваме исто, јадеме исто сирење... Најпознато големо име било само Македонија... Името е продукт на нечија имагинација.“[6]

> „Колективно конкретно име имаме. Имаме чувство и поврзаност со името Македонија. Мит за заедничко потекло се изгради за Александар, но тоа е како потекло на сите од територијата, а не само на етничките Македонци. Како заедничко потекло на сите што живееме овде. Споделување на историски сеќавања... ова го немаме затоа што нашите историски лекции се нафрлени информации со многу дупки. Имаме несоодветни информации и не можеме да повториме три реченици кои сме, што сме. Тоа ни недостига.

6 Токму за ова зборува Андерсон. Види во Benedict Anderson (1983) *Imagined communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism.*

Културните елементи ги имаме и се негуваат. Чувството за солидарност го имаме, особено како помала етничка група во поголемиот свет.“

„Нашата култура е зачнувана во црквите во времето под турско ропство. Но, преку црквите имаа влијание и државите од каде потекнуваат црквите - Грчка патријаршија, Бугарска ехзархија, Српска патријаршија... Генерално, на народот им се предавани моралните вредности... но, и идентитетот на царштината која владеела. Не е далеку времето и има живи луѓе кои се сеќаваат на начините и методите со кои се служеле властите спрема различно говоречкиот народ во смисла на физичко насилство, тепање, забрана за говорење дома, мавање со коприва по устите. Тоа траело долго време. Значи не може да зборуваме за културни елементи и пишани книги, затоа што народот на овие простори го немале тој момент. За првпат нешто се случува кога Цепенков и Жинзифов почнале да ги пренесуваат народните умотворби од баба, дедо, зачувани од колено на колено...“

„Мислам дека најважна карактеристика на една етничка заедница е некое конкретно колективно име. Митот за заедничко потекло, споделувани сеќавања со сите народи и народности што живееле тука. Заедно се живеело и со маките и со радостите. Специфичните културни елементи се генерално мелтинг пот. Ние не се разликуваме многу во доживувањата од Холандија, Германија, ги имаме истите вредности. Има сличности во начинот на комуникација, иститот тип на омраза, радост.... Културните елементи го систематизираат изразот. Чувството за солидарност може да се однесува и за некој што не е дел од твојот народ. За човечноста, дека може да помогнеш некому. Името е клучно затоа што ако се тргне името, кај човекот секогаш постои потреба да се издвои како група и различно да се опходува во однос на останатите.“

„Името Македонија толку било јако што кој и да дошол сакал да се идентификува со истото. Името секогаш се користело... јачината на митот е толку јак што елитите немале потреба во 19 век да градат друг и цела таа линија на генеза завршува со формирањето на државата... Да немало предзнак Македонија, немало да се приклучуваат луѓе во национално ослободителната борба, бидејќи не била социјалистичката идеја таа која го придвижувала народот, туку формирањето на своја македонска држава... Сите сакаат да се идентификуваат со територијата Македонија.“

Подобро образованите Македонци можат да ја следат етногенезата, која не е тешко да се поврзе. Меѓутоа, свесни се дека кај повеќето народи овие процеси биле слични и може да се идентификуваат националните наративи. Во дел од изјавите на учесниците во фокус групите се говореше дека во нашиот случај „митот за заедничко потекло е присутен“ и дека тој мит го носиме во нас. Еден од учесниците кажа дека во поново време се наметнува тезата дека како народ сме дошле од некаде, „дека Словените дошле преку Карпатите... Тоа е мислам измислено“. Еве уште неколку од ставовите за етничкото потекло:

„Од тоа што сме го учеле (во учебниците имаше дека сме биле потомци на Александар Македонски), пишуваше дека Египет е последното македонско кралство... Потоа се зборуваше за населувањето на Словените и како останало името Македонија... потоа процесот на мешање на народите... дека има нешто поклопување со Бугарите... Мене сѐ уште не ми е јасно како останало името.“

„Античките Македонци ги изучуваме дека живееле на оваа територија, дека со преселбата на народите античките народи се повлекуваат кон брегот, а доминираат (се населуваат) словенските елементи кои биле многу побројно племе... Би требало кај нас да доминира словенскиот фактор... но, денес овие работи не се битни... Нашата политичка историја се врзува со Југославија и со Бугарија. Името Македонија не е доминантно цело време.“

„Митот за заедничко потекло... сметам дека така настанала приказната за Словените за да се чувствуваат дека имаат исто потекло со народите на овие територии... не верувам дека дошле од зад Карпатите со сламки преку Дунав... немале потреба да се селат... Јас верувам во автохтоноста на населението... Создаден е мит дека Балканскиот полуостров е најотворен и составен од различни народи.“

„Сите народи имаат приказна дека се чисти по потекло... Македонците се етничка заедница со 2 карактеристики, јазик и мит за заедничко потекло, кој е сега предмет на дебата... копаме по минатото, бараме да бидеме први што денес ќе ни даде право на нешто... Би сакал споделувањета на сеќавањата за антифашистичката борба да се поприсутни... Градењето на митот со Александар започна со Циле (Васил Тупурковски – поранешен висок југословенски политичар) и неговите книги во 90-тите.“

## Македонскиот национален идентитет

И на ова прашање учесниците во фокус групите најпрвин се запознаваа со дефиницијата за националниот идентитет преземена од книгата на Ентони Смит, за „националниот идентитет“. Имено, дека постојат пет карактеристики на националниот идентитет: 1) историска територија, заедничка татковина, 2) заеднички митови и меморија, 3) иста масовна јавна култура, 4) исти права и должности за членовите, 5) заедничка економија и за членовите.“ (Smith, 1991) Прашањето беше уште посложено и бараше одредени предзнаења за елементите на македонскиот национален идентитет:

„За сите елементи имаме дилема. Како за историска територија сѐ уште се расправаме до каде била Македонија, наш ли е Солун? Комшиите се уште вршат приток за некои отворени прашања. За Гоце Делчев сѐ уште се расправаме. До вчера беше друго. Немаме исти права и должности, некако не сме еднакви.“

„Ние можеби не сме отскокнале од етничката заедница многу. Имаме национален идентитет, историска територија и заедничка татковина која што сѐ уште е во рамки на дефинирање и секој ја кажува својата вистина. До заедничката вистина сѐ уште не сме дошле. А враќајќи се наназад кон етничката заедница, колективно конкретно име сѐ уште немаме, бидејќи сме сведоци на менување на нашето име. Зборуваме сега за нас од кај Карпатите, за словенските племиња, па 1000 години напред, Југославија, па НРМ, па СР Македонија, излеговме од БЈРМ, па сега имаме Република Северна Македонија. Ние сѐ уште ниту овој елемент не сме го издефинирале.“

„Како заеднички митови и меморија... митови, ОК имаме, на пример, владетелите од пред турското ропство, последниот е Марко Крали. Сега зборувам за заедничка заедница и сеќавања, Филип II, Александар Македонски, Цар Самоил, Марко Крали, Тито и Киро Глигоров. Масовна јавна култура имаме, но не за добро, туку за лошо и таа го кородира општеството. Исти права и должности за членовите немаме, затоа сме земја која што има многу сива економија. По мене, ние не сме на ова ливче.“

„Постоењето на националниот идентитет не го исклучува чувството на припадност кон етничката заедница. Може паралелно да постојат. Од наведеното на второто ливче е најзначајно - исти права и должности, за да се даде поддршка на сите останати елементи. Ако нема исти права и должности, ако не функционира правната држава и правниот систем, ништо друго не може да се очекува дека ќе постои.“

„Заедничка економија немаме, имаме интеграција од 40-60%. Немаме заедничка интеграција од, на пример, 90-100%... во оваа држава немаме заедничка економија и движење на капитал и луѓе. Има многу стопански комори. А просторот е мал. А петтиот елемент значи дека луѓето се движат и соработуваат. Значи, нема една целина.“

„Бидејќи е држава со повеќе етникуми имаме проблем со сите од овие, државата ја држи поставеноста во меѓународниот поредок... се расправаме за сѐ... Можеби имаме само иста масовна и јавна култура.“

„Сите држави се дефинирани од меѓународниот поредок, секаде има локални култури: Јужна и Северна Италија, Швајцарија, Белгија... само ние немаме матична држава... сите малцинства имаат друга држава, само ние Македонците немаме, а Македонија е мултиетничка...“

## ДАЛИ СЕ ПОКЛОПУВААТ ПОЛИТИЧКАТА И КУЛТУРНАТА ЕДИНИЦА?

Ова беше едно од поспецифичните прашања во истражувањето, пришто, на учесниците им беше побарано мислење за теоријата на Ернест Гелнер дека во една нација политичката и културната единица треба да се поклопуваат, доколку се

сака да се изгради современа нација. (Gellner, 1983) Имено, современиот развој на нацијата, како европски модел на држава, бараше начин како да се создаде држава во која поголем дел од населението ќе се идентификува со таа држава. Примерите на европскиот континент се многубројни, од мали, средни до големи држави. Модерните нации се создале кога се поклопиле културата (националноста) и политиката на еден простор. Некој ги ангажирал културните елементи и ги споил со политиката и така се создале сите модерни нации во втората половина на 18. век и 19. век во Европа. Европските нации, како Франција и Англија, се создале кога на еден одреден простор се совпаднале културата и политиката.

Може да се тврди, како што некои и тврдат, дека етничките/културните категории им претходат на националните/државните идентитети. Некои тврдат дека националните/државни идентитети се поскорешна појава која не е постара од два века. Во постоечката литература, комплицирано е да се следи теоретската заднина на националните/државните идентитети. Полесно е да се следат темите во кои може да се најдат опширни елаборации за ова прашање. Еден можен начин е да се преиспита теоријата преку четири теми: заемното дејство на културата и политиката, дихотомијата на етничкото и граѓанското, субјективните/објективните карактеристики и структурата наспроти човековото дејствување. Низ овие теми може да се претставaт комплексноста и мултидимензионалноста на процесите од кои „се раѓаат“ националните идентитети. (Атанасов, 2017)

Се бараше мислење за тоа каков е нивниот став за оваа теоретска претпоставка во македонскиот случај? Имено, дали кај нас се совпаднале овие две матрици:

> „Кај нас политиката и културата се поддржуваат, но во еден негативен контекст. Едната ја храни другата, кога тркалото врти обратно. Општеството оди кон распад, деструктивност. Не знаеме дали имаме полоша политика или култура. Како да тркалото во кое сме влезени, не враќа назад, не може да го застанеме и да го придвижиме во вистински правец.“

> „Немавме континуитет, културниот развој ни е прекратен во тие неколку векови под турско ропство. Повеќе имало застој отколку развој. Имаме некои траги на културата...“

> „Мислам дека едното го слабее другото. Во Македонија последните години не слушам ништо македонско. Малку политиката е појака, повеќе се галами и сѐ помалку има креирање на македонски национален идентитет.“

> „Тие што не воделе низ историјата, кај нив повеќе преовладувало чувството за индивидуалност, отколку за колективно добро. Не изработувале планови и стратегија за тоа како да се работи. За една или повеќе години, без разлика дали сте лево или десно ориентирани. Тој после вас треба да ја продолжи таа стратегија. Досега имавме доволно време од 1991 да направиме вистинска стратегија, триесет години...“

„Кај нас не мањкаат овие работи, има национални стратегии како општествен договор, меѓутоа, во нивните политички битки веројатно ги напуштаат тие ориентири. Се губат по патот...“

„Сите тие (Американците) имаат слика од Абрахам Линколн, иако сега е Доналд Трамп во Белата куќа. Некој од татковците на нацијата, како што ги викаат, оставил нешто во наследство. Лично мислам дека тоа кај нас не е направено заради отсуство на визија и отсуство на работа. Да се сработи сето тоа, да се имплементираат тие стратегии и да се види резултатот, тоа е работа.“

„Имаме значи културна нација. Тоа не се брише. Песните, поезијата, прозата, музиката, тоа не се губи. Кога ќе се симне вревата, тоа ќе остане. Сè што е направено со емоција и квалитетно не се губи. Ова е направено во социјализмот: детски емисии, песни, литература, има инпут на квалитет и се направени со чувство на идентитет... за политичка нација, не знам.“

„Како и во сите држави, луѓето се социјализирани националниот идентитет да им биде важен, особено по 1991 година. Овој идентитет што го имаме е научен идентитет, како секој друг национален идентитет, преку образованието, литературата, медиумите... Иако можеби нема разбирање што точно се случило, независноста се чествува и не се обрнува внимание на вистинските работи, како влегувањето во ново уредување кое треба да биде поправедно. Излезе дека независноста не е доволна за да имате држава, потребни се и други работи. “

На крајот од интервјуата уште една тема се наметна како актуелна што предизвикува голем интерес во јавноста. Тоа е темата која најкусо би можела да се елаборира преку прашањето „дали е загрозен македонскиот национален идентитет?“. Според учесниците во фокус групите порано имало поголеми интелектуалци за разлика од сегашните квази интелектуалци кои успеаја да го деградираат и тоа што овие претходно ги имаат направено со години. Историски факт е дека на почетокот на 19 век преродбениците успеале нешто да направат, пробале да создадат подобар живот со идеите и знаењето кое им било на располагање. А тоа било скромно знаење, но со голема визија да се изгради автономија (република) во која сите народности што постојат на оваа територија ќе живеат еден достоинствен живот и човечки правдини. Тие биле замаецот, интелектуалци членови на ВМРО, ТМРО... кои што започнале да го шират тоа чувство на припадност на посебност во однос на другите народи околу нас. Освен оние кои биле „хонорирани“ од министерствата во Белград, Софија или Атина и кои работеле на некои други „национални“ проекти. Разликите, пак, меѓу христијанското население на Балканот и не биле толку големи, особено меѓу мнозинското словенско население по потекло, сите биле христијани (рисјани). Идентитетот го дефинирал моментот и местото на раѓање и црквата каде сте биле крстени. На Балканот доминирала Отоманската империја и муслиманите, но веќе постоеле неколку мали кралства поддржани од големите сили. Да си рисјанин и да се родиш во Битолскиот вилает значело да живееш на село, да си сиромав и да плаќаш

данок на локалните чауши и на Султанот. Развојот на трговијата и на економијата доцнел во однос на европските држави. Дел од македонските интелектуалци што барале слобода од ропството, а потоа автономија, во нивните глави постоела идеја која била блиска до социјалистите и во која подобриот живот бил посилна идеологија од национализмот. Членовите на Македонската револуционерна организација, со нивната оргинална идеја за ослободување од османлсикото ропство, биле интелектуалци со поттик да се создаде нешто ново, како што пишува Пери Данкан. Иако, според него, нивна најголема слабост била неписменото селско население кое било недоверливо и тешко се револуционализирало. Потоа, истото се обидувале да го направат преку членството во комунистичката партија, независно дали хабот бил Софија или Белград. По Втората светска војна особено интелектуалците писатели и уметници оставиле голем белег со формирање на национални установи од култура, универзитет, образовни исntитуции, МАНУ. Оваа оставштина е денес нашиот темел и основа на нашата нација и национален идентитет. Да не биле овие интелектуалци, историјата веројатно би била поинаква.

Одговорите на прашањето дали е загрозен македонскиот национален идентитет се движеа во следнава насока:

> „Тоа е смешно, идентитетот е динамичен и како може да биде загрозен... Сепак, има технички грешки во обраќањето на странците кон нас (на пример, идентитетот го именуваат како северномакедонски). Има работи кои се случуваат, а не се така предвидени во договорот (Преспанскиот договор)!“

> „Со промената (на името) идентитетот не е загрозен, битни се внатрешните карактеристики на појавата... Попогубен е начинот на однесување на политиката во државата, кон своите граѓани..“

> „Јас исто мислам дека името не е идентитет. Не се чувствувам загрозено воопшто. Тоа што го сменија името е за да имаме подобар живот во иднина. Како испадна на крајот... крајот не доаѓа. Порано сум се трескала, а сега сум помека. Порано сум се карала за името. Сега ми е сеедно. Јас одам на лево... сите на десно.“

> „Имаме етнички и граѓански (политички м.з.) идентитет... Името на државата да се изедначи со една етничка група е една работа... Но, не значи дека промената на името ќе го загрози идентитетот на еден етнички идентитет.“

> „Веќе не е загрозен, сега е уништен. Беше загрозен пред 10 години, кога беше предмет на пливање... Мене лично не ми е загрозен идентитетот како Македонка. Прифатив дека сме Северна Македонија, не го негирам тој факт. Но насилно е сменет идентитетот. Мозочно сме силувани. Така е уништен, повреден е...“

> „Можеби не е загрозен, но секако е доведен во прашање! После 30 години се доведуваат во прашање одредени работи, почнуваме да се преиспитуваме што сме... јазикот не бил наш, црквата... сега сè се проблематизира.“

„Тоа што денес сме Северна Македонија неминовно ќе доведе да сме Северномакедонци, сакале или не ќе се наметне, и нормално е од името да ти произлезе идентитетот... Прво биле Славомакедонци, па Македонци и како понатаму како Северна Македонија.“

„Се проблематизира за идните генерации, дали е загрозен времето ќе покаже... За нас е утврдено, но како ќе биде за новите генерации, како ќе биде кога ќе излезат надвор од држава Северна Македонија?“

„Не е проблем како ќе се викаме ако тоа сами го одлучиме. Мацедониа, Маседониа, Македонија. Наметнат ни е договор како согласна страна во име на розевата иднина, со страната која сме ја одоброволиле. На сметка на тоа нашите официјални институциии да бидат Северна Македонија. Многу работи се нејасно дефинирани, округло, па на ќоше.“

„И Преспанскиот договор е од мака и од нужда. Доволно политичарите и историчарите не отруја со идентитетот. Ни напишаа приказни со кои не можеме да се носиме. Немаме мускули за Александар. Требаше да се убеди народот, а не да се силува. Сега остана чувството на пораз и апатија...“

„Јас мислам дека изворот на ова е фрустрацијата и незадоволството околу прифаќањето на туѓата волја како ние да се викаме, тоа не е наш избор... тоа е дразбата. Имаме акт на силување и уцена... пазар. ОК... Каузата е ЕУ и НАТО, подобар живот, подобри услови за заедницата и подобри шанси за идните генерации... Меѓутоа горчината од настанот на оваа генерација ќе и остане. Не сум рамнодушен. Тоа сѐ е до чинот, до тоа како ова ќе се разреши.“

„За мене името е идентитет. Ако е потребата од внатре е едно, ако е наложено и е со сила е друго. За начинот како тоа се направи е силување на демократијата. Тоа не е добра основа за понатаму.“

„Поткрепено со најновите настани кога ми го сменија името против моја волја. Јас со тој идентитет завршив.“

## ЗАКЛУЧОК

Во текстот аргументиравме дека ставовите и чувствата кај голем број Македонци се исполнети со силни емоции за сопствениот идентитет и дека и македонскиот идентитет е исто така структуриран и активен како и другите балкански национални идентитети, дека „македонизмот“ можеби не успеал да доживее свој целосен развој во втората половина на 19 и почетокот на 20 век и поради тоа задоцнил македонскиот национален проект, како и дека македонскиот државно/политички идентитет, и покрај 75 годишно постоење, сѐ уште е во процес на потрага по своите етнички корени или стабилизирање. Како може да се дефинира националниот идентитет или

„македонизмот“ денес? **„Македонизмот“ во овој труд се сфаќа како национализам и како идеологија на изграден македонски национален идентитет, но пред сè, како припадност кон македонската етничка нација**. Овој труд е мал придонес во една тема која овде само се актуелизира – „македонизмот“. Ќе бидат потребни уште истражувања за современиот „македонизам“ и за националниот идентитет кај Македонците, за да може тој поцелосно да се елаборира и да се теоретизира. Ќе презентираме само неколку искажувања од досега објавени анализи или коментари за оваа тема.

Ќе почнеме со изјавата на Метју Нимиц, долгогодишен преговарач за разликите околу името меѓу Македонија и Грција. Тој се прашува, „Како може тие да го променат нивното име? Како народ, тие се идентификуваат себе си како Македонци, како претходно и нивните родители, баби и дедовци и претходните генерации. Тие имаа уникатен јазик со кој се гордееја и литературна традиција и тој јазик беше Македонски, широко признат насекаде низ светот како нивен јазик. Сè на сè, „македонизмот“ беше во суштината на нивниот идентитет. (Nimetz, 202) Тој се прашува дали договорот со кој се затвора прашањето е успех или неуспех, дали со ова се затвора македонското прашање од 1880-те, за ова ќе се изјаснат следните генерации. Од една страна, Тодор Чепреганов, историчар од Македонија, се прашува во еден свој труд зошто на ниту една конференција до Јалта Македонија ја немаше како субјект во меѓународните договори? Несомнено, подвоеноста и неединството во редовите на македонското национално революционерно движење беше една од причините големите сили да не калкулираат со Македонија како држава. Во основа го немаше македонскиот национален елемент (национализмот), кој можеше да се наметне во редовите на македонското национално и револуционерно движење, кое ќе имаше еден заеднички центар од каде ќе биде раководено, ќе имаше единствен национален идентитет, а не подвоен, и ќе се дистанцираше од поддршката на Бугарија и од борбата за обединување со Бугарија или за автономија како чекор за обединување со Бугарија. Сигурно дека ниту една од големите сили не беше подготвена да прифати формирање на таква држава. Македонија во сите договори беше само субјект. (Чепреганов, 2013) Во еден друг труд, Чепреганов елаборира странски дипломатски извори чиј заклучок бил дека „сепак, Македонците не се хомогена нација“. Македонските Словени, најголемата етничка група, преставува одвај 30% од целокупното население. Македонскиот национализам е многу неприроден. Тие се група на народ поврзан со географскиот фактор, со слична општествена структура и историско минато. Тие не се формирани во цврста национална единица. (Чепреганов и Николова 2018)

Од друга страна, друг историчар од Македонија цитира делови од делото на Мисирков. Дека „тој (Мисирков) полагал големи надежи во големите држави да помогнат во создавањето на „автономијата на Македонија“ која, според него, **„во однос на културата стои многу повисоко, отколку околните држави пред сто години, кога тие ја добија својата независност“**. Според Мисирков, **„автономијата на Македонија ќе биде најдоброто разрешување на македонското прашање, како за самите Македонци, така и за Србија и за Грција и за Бугарија и за европскиот мир“** (Вамваковски, 2012). Уште еден добар познавач на македонската историја, Лоринг Данфорт, пишува дека конструкцијата на македонскиот национален идентитет

започнала во втората половина на 19 век со првите експресии на македонскиот етнички национализам од страна на мал број на интелектуалци како Крсте Мисирков, кој во 1903 година повикал на „признавање на Словените во Македонија како посебна националност – Македонци“. Во тоа време, големото мнозинство од словенско-зборувачкото население од Македонија биле неписмени селани со целосно нејасна развиена свест за национален идентитет. Чувствата за национален идентитет меѓу селаните биле површни и можеле да се поврзат со образовната и религиска пропаганда или, едноставно, со тероризмот. (Danforth, 1995) Данфорт пишува дека од антрополошка перспектива релативно поново создавање на Македонската држава и конструкцијата на Македонската нација, во споредба со другите Балкански примери, не значи, како што тврдат грчките националисти, дека Македонската нација е „вештачка“, додека Грчката нација е „оргинална“. Ниту значи дека Македонскиот национален идентитет е само „замислен“. Но, минатото е минато, а сегашноста е пред нас, затоа еве еден интересен цитат од една од фокус групите со млади високообразовани интелектуалци:

> „Сите процеси се секаде исти. Денес би требало да доминира грижата за човековите права, подобрите услови за живот. Би сакала повеќе да доминира чувството на солидарност.“

Како **резиме** на овој теоретско-истражувачки труд, може да заклучиме, барем според теоријата и практиката, дека најпрвин се „мобилизира“ идејата на национализмот, а потоа се гради нацијата, но националниот идентитет е присутен од почетокот до крајот на процесот. Чувството дека сте посебен, дека вашата заедница има многу заеднички карактеристики, субјективни и објективни, во голема мера ја мотивира желбата за еманципација на вашиот народ. „Македонизмот“ како национализам бил неразвиен, недоволно зајакнат и недоволно „организиран“. Затоа македонскиот идентитет е постојано негиран или биле создавани пречки за неговиот развој. Затоа што кога национализмот е силен и со јасна визија, никој не може да ве спречи да се борите до крај за создавање на вашата нација. Иако во светот денес постојат многу национални идентитети, не сите изградиле нација-држава. Да не зборуваме дека за националниот проект била потребна организирана војска, мотивирана да „освојува“ во името на вашата идеологија или национална кауза. Притоа, големината на освоената територија зависи и од политиката и од црквата и од војската. Кога имате развиен национализам (книги, литература, образование, митови, организатори, агитатори, медиуми), кога имате чувство дека заслужувате и се борите за вашата „држава“, кога имате профилиран идентитет, вие сте учесник во создавањето на историјата. Постојат многу европски примери за тоа. Ние сме само еден од нив.

Како што пишува Улф Брунбауер (Ulf Brunnbauer), западен историчар, бидејќи во историските извори ‘Македонците’, особено како етничка група, се ретко спомнувани, македонските историчари применија пристап кој еднакво добро им беше познат на нивните грчки, бугарски и српски колеги, т.е. да ги заменат називите ‘христијани, грчки православци, бугарски егзархисти’, кои обично се користеле за именување на православната популација од регионот за време на отоманското владеење, со називот ‘Македонци.’ (Brunnbauer, 2004) Сепак, тоа е само еден мал дел од задачата која била многу, многу посложена.

BIBLIOGRAPHY

Anderson, B. (1983), *Imagined communities: Reflections on the Origin and Spread of Nationalism*, Verso Editions and New Left Books, London.

Atanasov, P. (2004) "Macedonian National Identity: Quantitative Differences Between Unitary and Subaltern National Myths and Narratives", *Discussion Paper 32 – South East Europe Series, Centre for the Study of Global Governance*, London School of Economics and Political Sciences, http:/www.lse.ac.uk/Depts/gobal .

Атанасов, П. (2017). *Македонски мултиетнички јазли: битка за едно или две општества.* Скопје: Просветно дело, стр.80.

Brunnbauer, U. (2004) 'Historiography, Myths and the Nation in the Republic of Macedonia' pp. 165-200 кој е публикуван во Brunnbauer, U. (ed.) *(Re)writing history:Historiography in Southeast Europe after Socialism,* New Brunswick and London: Transaction Publish)

Danforth Loring M. (1995), The Macedonian minority of Northern Greece, *Cultural Survive Quarterly Magazine* https://www.culturalsurvival.org/publications/cultural-survival-quarterly/macedonian-minority-northern-greece Cultural Survival Quarterly Magazine June 1995 Author [посетена на 15.03.2020]

Gellner, E. (1983), *Nations and Nationalism,* Ithaca, Cornell University Press.

Nimetz, M. (2020). The Macedonian "Name" Dispute: The Macedonian Question - Resolved? *Nationalities Papers, 48*(2), 205-214. doi:10.1017/nps.2020.10

Smooha , S. (2002), "The model of ethnic democracy", *Nations and Nationalism,* Volume 8, Issue 4.

Smith, D. A., (1986), *"The ethnic origin of nations".*

Smith, D. A. (1991), *National Identity,* University of Nevada Press, Reno, Las Vegas, pp. 14, 21.

Вамваковски, Д. Љ. (2012). „Грчката мегали идеја и Османлиска Македонија: појава, дилеми и флуктуации", Институт за национална историја, *ГЛАСНИК, 56*(1-2), Скопје, 71-88.

Чепреганов, Т. (2013). Од Сан Стефано до Букурешт. *БАЛКАНОТ: ЛУЃЕ, ВОЈНИ И МИР* (стр. 83-87). Скопје: Институт за национална историја - Скопје.

Чепреганов, Т., & Николова, С. (2018). Македонија и Македонскиот идентитет во британската и во американската дипломатска кореспонденција (1941-1945). *ГЛАСНИК, 62*(1-2), 139-156.